ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0302 - 338/02
12.10 2021 год.
СКОПЈЕ

Институт на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ)

Ул. 11 Октомври бр. 52А/1-3

1000, Скопје

(до Генерален секретар на ИОРРМ)

08.10.2021

**Предмет:** Предлог за избор на нов член на Комисија за контрола на квалитетот на ревизорските услуги со приложена кратка биографија на предложеното лице

Почитувани,

Во врска со Вашата Покана за учество на 29-тата Седница на Собранието на ИОРРМ бр. 0302-320/01 од 27.09.2021 година закажана за 19.10.2021 година, како и согласно точка 5 од Предлог - Дневниот ред бр. 0202-317/06 од 23.09.2021 година, ние долупотпишаните 5 (пет) овластени ревизори – членови на ИОРРМ, за избор на нов член на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги го предлагаме:

Ненад Ранѓеловиќ, регистарски број ОР207 од Регистарот на овластени ревизори – членови на ИОРРМ

Со почит,

1. Јане Иванов, овластен ревизор, ОР192
2. Ивица Марчевски, овластен ревизор, ОР257
3. Жарко Михајловски, овластен ревизор, ОР189
4. Дејан Георгијев, овластен ревизор, ОР260
5. Владимир Петрески, овластен ревизор, ОР239

Прилог: Кратка професионална биографија на Ненад Ранѓеловиќ

КРАТКА ПРОФЕСИОНАЛНА БИОГРАФИЈА

Ненад Ранѓеловиќ

08.10.2021

Ненад Ранѓеловиќ, има практично искуство од преку 17 години во ревизија од кои преку 10 години во меѓународна ревизорска фирма, дел од така наречената голема четворка, а потоа својот професионален развој го продолжува во сопствена ревизорска и сметководствена пракса. Во текот на неговото работење бил инволвиран во ревизии како член на тим, теренски одговорен сениор, супервизор и менаџер во преку 500 ревизии на претпријатија, банки, осигурителни компании, финансиски институции и други друштва во Македонија, Србија и Босна и Херцеговина. Како дел од ревизорската работа тој извршува активности поврзани со планирањето на ревизијата, спроведување на ревизорскиот план, теренска работа, оценување и комплетирање на ревизијата, како и подготвување на ревизорски извештаи. Исто така, бил вклучен во поголем број проценки, длабински анализи и ангажмани за усогласеност на постапките. Моментално г-дин Ранѓеловиќ е партнер во ревизијата во СФАИ МАКЕДОНИЈА, како членка на меѓународната мрежа на сметководствени и ревизорски фирми SFAI International.

Г-дин Ранѓеловиќ дипломирал во 2004 година на Економскиот факултет при УКИМ во Скопје. Тој е член на ACCA, издадено од Association of Chartered Certified Accountants од Обединетото Кралство, а исто така поседува лиценци/уверенија за овластен ревизор и овластен сметководител во Република Северна Македонија.

Г-дин Ранѓеловиќ од 2015 година е член на Комисијата за образование, обука и публикации. Исто така, во периодот од 2015 до 2018 година, беше претставник на ИОРРМ во проектот CFRR - Audit Training of Trainers, проект финансиран од Светска Банка, со цел развој и едукација на ревизорите во регионот. Во изминатите 10-тина години г-дин Ранѓеловиќ активно учествуваше во обуките организирани за едукација на ревизорите, преку работилниците на темата ПејаСко, како и како индивидуален предавач на КПУ настаните организирани од страна на ИОРРМ.